Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), и член 8 и 11 од Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот („Службен весник на Република Македонија“ број 33/2010, 44/2010, 65/2010 и 127/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 27 јануари 2011 година донесе

# Одлука
# за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во првиот квартал на 2011 година

## Член 1

Со оваа одлука се вршат измени и дополнувања на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во првиот квартал на 2011 година (број 02 - 19127/17 од 28.12.2010 година).

## Член 2

Се определува нов месечен износ на средства за периодот од 01.02.2011 година до 31.03.2011 година за следните здравствени установи:

| **Подрачна Служба** | **Шифра на ПЗУ аптека работна единица** | **Назив на ПЗУ аптека работна единица** | **Месечен износ за периодот од 01.02.2011 до 31.03.2011 година** |
|---|---|---|---|
| БИТОЛА | 2048801 | ПЗУ АПТЕКА ЗЕГИН БИТОЛА | 231.000,00 |
| ОХРИД | 19006001 | ПЗУ АПТЕКА ГРАШНИЦА ОХРИД | 189.000,00 |
| СКОПЈЕ | 25079506 | ПЗУ АПТЕКА ВИОЛА ГТЦ | 185.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 25079503 | ПЗУ АПТЕКА ВИОЛА ЦЕНТАР СКОПЈЕ | 166.000,00 |
| СКОПЈЕ | 25079504 | ПЗУ АПТЕКА ВИОЛА ЦРНИЧЕ СКОПЈЕ | 135.000,00 |

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број: 02-756/
**27 јануари 2011 година**
**С к о п ј е**

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател,**
**Ирфан Хоџа**